**<u>Обука Менаџирање со Европски фондови</u>**

Промоција на обуката ќе опфати преглед на достапни фондови за развојни и иновативни проекти (**IPA, ERASMUS+, Horizon 2020,BalkanMed, KEP, EIT**), како да се најдат проектни партнери и кои документи се потребни за апликација. Обуката е наменета за сопственици и менаџери на МСП, претприемачи, истражувачи, консултанти, менаџери на институти, , универзитети, државни институции, НВО и сл., кои се заинтересирани самостојно да подготвуваат апликации за различни фондови.

**Предавач: М-р Сузана Касовска Георгиева**

М-р Сузана Касовска Георгиева, истражувач во Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика. Работи на аплицирање на ЕУ фондови и имплементирање на апликативни проекти.

**<u>Обука Менаџмент во инженерство</u>**

Корпоративното претприемништво промовира одржлив бизнис менталитет преку имплементирањето на претприемничкото делување во постојното работење, преку креативно размислување, иновативно делување, гонење на можности без оглед на моментално поседуваните ресурси, проактивноста и превземањето на умерен ризик.

Обуката обезбедува увид во клучните аспекти на менаџмент во инженерството - глобалното претприемништво, интернопретприемништво, фокус на пазарот и управување со продажбата, отворени иновации и корпоративни инвестиции.

**Предавач : д-р Ангелина Танева-Вешоска**

Виш научен соработник во научно подрачје организациони науки и управување (менаџмент) при Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика - ИЕГЕ. Области на истражување ѝ се организациски науки, одржлив развој и психологија. Таа има 14 години искуство како предавач, истражувач, консултант. Има богато искуство на работа на национални и меѓународни проекти (од идеја до имплементација) како менаџер и координатор.